**Врз основа на член 145 став (5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12 и 27/14), министерот за финансии, донесе**

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕТО НА ТЕХНИЧКАТА ИСПРАВНОСТ НА АВТОМАТИТЕ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВНОСТ НА АВТОМАТИТЕ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА

**Службен весник на РМ, бр. 41 од 27.02.2014 година**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и формата и содржината на уверението за техничка исправност на автоматите за игри на среќа.

## Член 2

Утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа кое се врши во просториите на приредувачот на игрите на среќа или на овластеното лице претставува утврдување на состојбата и функционалните карактеристики на автоматите за игри на среќа и тоа:

1. дека автоматот за игри на среќа има електронски и механички бројчаници и дали преку нив се бележат следните елементи:
   - влез-излез (вкупен износ на сите внесени и прокнижени кредити во автоматите и вкупен износ на сите исплатени кредити од автоматите);
   - влог-добивка (вкупен износ на вложените кредити во сите одиграни игри и вкупен износ на добиените кредити во сите одиграни игри);
   - џек пот добивки и
   - одиграни игри
2. дека автоматот за игри на среќа содржи прогресивна добивка која е прикажана на електронскиот бројчаник во самиот автомат за игри на среќа;
3. дека автоматот за игри на среќа ги содржи само оние игри кои се опишани во автоматот;
4. дека програмската плоча на автоматот за игри на среќа, вградена од производителот, по техничката документација, го овозможува она што е опишано во упатството за употреба на автоматот за игри на среќа кое е содржано во техничкиот опис на играта;
5. дека одлуката за добивката или загубата, по техничката документација, се одредува по пат на генератор на случајни броеви кој е статистички и независен и кој не може да биде предвиден;
6. дека автоматот за игри на среќа е конструиран во случај на прекин на електронско напојување да не дојде до бришење или губење на податоците кои се во неговата меморија, а се однесуваат на поединечните игри (уплати, бонуси, фази на играта и слично) и на состојбата на електромеханичките и електронските бројчаници на автоматот и
7. дека автоматот за игри на среќа има можност да обезбеди историјат на последните 20 одиграни игри и последните 20 примени банкноти или жетони.

## Член 3

Уверението за техничка исправност на автоматот за игри на среќа се издава на бела хартија во А4 формат и ги содржи следните податоци:

- назив и седиште на овластеното правно лице;

- сопственик, односно корисник на автоматот за игри на среќа (назив и седиште);
- производител на автоматот за игри на среќа;
- типот на автоматот за игри на среќа (автомат за игри на среќа на кој може да учествува еден учесник или автомат за игри на среќа на кој истовремено можат да учествуваат повеќе учесници во игрите на среќа);
- податоци за хардверот на автоматот за игри на среќа;
- фабрички или сериски број на автоматот за игри на среќа (евиденциона плочка, влезен број, излезен број и џек пот);
- деловна просторија каде што се наоѓа автоматот за игри на среќа;
- број, дата и место и
- потпис на овластеното лице.

Формата и содржината на Уверението за техничка исправност на автоматите за игри на среќа се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот, условите и роковите на утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и апаратите за забавни игри и формата на исправата за техничката исправност („Службен весник на Република Македонија" бр. 19/97).

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 12-4438/2
21 февруари 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.